**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 03-4117/1
04.10.2024 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

# СТУДИЈА

## за утврдување на оправданоста за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио на локално ниво, на подрачјето на Општина Куманово

# Содржина

Вовед .......... 3
Постојна понуда .......... 4
Економско работење на постојните радиостаници и потенцијал на пазарот .......... 7
Заклучок .......... 9

# Вовед

На 04.07.2024 година, до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (АВМУ) беше доставено Писмо со намери од заинтересирана страна, за добивање дозвола за радиостаница која ќе емитува програма на локално ниво на подрачјето на Општина Куманово. Во писмото барателот покажува заинтересираност за говорно-музичко радио, наведувајќи дека „*Радиската програма е замислена како своевиден информативен, забавен и образовен колаж, со емисии од сопствена продукција...*“.

Имајќи го предвид доставеното писмо, АВМУ се обрати до Агенцијата за електронски комуникации (АЕК) и побара информација дали на подрачјето на општина Куманово постојат слободни фреквенции коишто можат да се искористат за емитување радиопрограма. На 17.07.2024 година АЕК ја извести Агенцијата за постоењето слободна фреквенција, односно дека начелни параметри според кои треба да се изработи техничко решение за покривање на Општина Куманово се следните:

- Локација на предавател: Стари Лозја;
- Ефективна иззрачена моќност: 200 W;
- Фреквенција: 92.6 MHz.

Со цел да се утврди дали постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радиоемитување на подрачјето на Куманово, во оваа Студија е направена анализа на постојната медиумска понуда на ова подрачје од аспект на програмските формати и од аспект на програмските содржини кои ги нудат радиостаниците кои емитуваат на подрајчето на Куманово, анализа на нивното економско работење во последните три години и анализа на пазарниот потенцијал.

## Постојна понуда

Радиопрограма на подрачјето на Општина Куманово емитуваат две локални радиостаници - Трговското радиодифузно друштво РАДИО БУМ ДООЕЛ Куманово и Трговското радиодифузно друштво РАДИО ЈЕХОНА ФМ ДООЕЛ Куманово.

Радио Бум е *музичко-говорно радио од општ формат,* односно тоа е програмски сервис кај кој емитуваната музика е од различни музички жанрови и ниту еден од нив не е застапен со повеќе од 70% во вкупно емитуваната музика во текот на една седмица.

Радио Јехона е *говорно-музичко радио со претежно информативен општ формат.* Според Правилникот за форматите на програмските сервиси на радиодифузерите[1], кај радијата со овој формат говорните содржини од програмата исполнуваат претежно информативна функција која не е застапена со помалку од 50%, ниту со повеќе од 65% во говорниот дел од програмата во текот на една седмица.

Времетраењето на говорните содржини кои РА Бум и РА Јехона заедно ги емитуваат во текот на една недела изнесува 42 часа, од кои 15 часа емитува РА Бум и 27 часа РА Јехона. Говорниот дел од програмскиот сервис на РА Бум се емитува на македонски и на српски јазик, а на РА Јехона на албански јазик.

**Структура на планираната неделна програма**

| Структура | Времетраење | |
|---|---|---|
| | РА Бум | РА Јехона |
| Говорен дел | 15:00:00 | 27:00:00 |
| Музика | 138:00:00 | 126:00:00 |
| Други програмски сегменти | 15:00:00 | 15:00:00 |
| **Вкупно** | **168:00:00** | **168:00:00** |

Во програмскиот концепт од 2014 година[2] РА Бум пријавило дека ќе емитува по шест часа и 30 минути неделно содржини кои исполнуваат информативна и забавна функција, а два часа содржини кои

[1] Правилникот е достапен на следниот линк: https://avmu.mk/wp-content/uploads/2017/06/Pravilnik_za_formatite_na_programskite_servisi.pdf

[2] Програмските концепти се достапни на веб страницата на АВМУ, на следниот линк: https://avmu.mk/програмски-концепт-за-радио-програмс-2

исполнуваат образовна функција. Согласно Извештајот за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио емитување (арх. бр. 03-1661/1 од 01.04.2024 година), во 2023 година, застапеноста на емитуваните програми на ова радио била иста како што е пријавено во програмскиот концепт.

**Структура на говорниот дел од планираната неделна програма**

| Видови програма | | Времетраење по вид програма (часови и минути) | |
|---|---|---|---|
| | | РА Бум | РА Јехона |
| Информативна функција | Вести/ТВ дневници | 03:00:00 | 02:00:00 |
| | Актуелно-информативна програма | 01:00:00 | 03:00:00 |
| | Актуелно-информативна програма со документаристички пристап | | 02:30:00 |
| | Актуелно-информативна говорна шоу програма | | 02:00:00 |
| | Преноси или снимки од седници на органите на власта | | |
| | Преноси или снимки од општествено-политички настани | | |
| | Информативни магазини | | 02:00:00 |
| | Специјализирани информативни емисии | | |
| | Информативно-забавна програма | 00:30:00 | 03:00:00 |
| | Инфо-сервис | 01:00:00 | |
| | Информативна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки | 00:30:00 | |
| | Друга информативна програма | 00:30:00 | 02:30:00 |
| Образовна функција | Образовна програма | 00:30:00 | 02:00:00 |
| | Образовно-забавна програма | 00:30:00 | 03:00:00 |
| | Образовно-забавна програма за физичка култура и рекреација | | |
| | Документарна програма | 00:30:00 | |
| | Документарно-забавна програма | | |
| | Образовна програма од областа на уметноста, културата и хуманистичките науки | 00:30:00 | |
| | Документарна програма со религиозна тематика | | |
| | Друга образовна програма | | |
| Забавна функција | Забавно-информативна | 04:00:00 | 02:00:00 |
| | Забавна говорна шоу програма | 00:30:00 | 02:00:00 |
| | Забавно-образовна програма | 00:30:00 | 01:00:00 |
| | Забавно-документарна програма | | |
| | Програми со хороскоп/тарот/јасновидци или толкување соништа | | |
| | Спортска програма (пренос или снимка од спортски натпревари или настани и спортски магазини) | 00:30:00 | |
| | Радио драма (серии, серијали, хумор и сатира) | | |
| | Музичка програма (музичко-говорни програмски целини, снимки и преноси од концерти, музички фестивали, опера и слично, музички спотови, музичка реалистична програма) | 00:30:00 | |
| | Игри (натпревари со ниска продукциска вредност, натпревари со висока продукциска вредност, квизови, игри на среќа и наградни игри) | | |
| | Друга забавна програма | 00:30:00 | |
| Вкупно | | **15:00:00** | **27:00:00** |

Радиостаницата Бум пријавила дека неделно ќе емитува три часа програми што ќе третираат настани, информации и содржини од значење за подрачјето во кое се емитува програмскиот сервис, а кои ќе исполнуваат информативна функција. Ваков вид на програма која радиото ја емитувало во 2023 година, покрај вестите, била информативно-забавната емисија „Будење“, која се емитувала на македонски и на српски јазик. Освен овие, од значење за подрачјето на Куманово РА Бум емитувало и утринска програма, којашто исполнувала забавна функција.

Радиостаницата Јехона пријавила дека во текот на неделата ќе емитува 17 часа содржини кои остваруваат информативна функција и по пет часа содржини кои остваруваат образовна и забавна функција, а исто толку емитувала во 2023 година (согласно Извештајот за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио емитување арх. бр. 03-1534/1 од 29.03.2024 година). Оваа радиостаница пријавила дека во текот на неделата ќе емитува пет часа содржини за настани и информации од значење за подрачјето во кое ќе се емитува програмскиот сервис, т.е. од значење за Куманово. Емисија од ваков вид којашто овој радиодифузер ја емитувал во 2023 година била Утринската програма, која исполнувала информативна функција. Според Извештајот за спроведување на обврските утврдени во дозволата за радио емитување, РА Јехона во 2023 година емитувала вкупно 22 часа програми со кои се поттикнува развој и зачувување на националната култура.

**Структура на планираната музика (неделно)**

| Вид | Жанр | Времетраење (%) | |
|---|---|---|---|
| | | РА Бум | РА Јехона |
| Народна | Традиционална | 3% | 10% |
| | Етно/World music | | 5% |
| | Новосоздадена народна музика | 2% | 40% |
| | ***Вкупна народна музика*** | ***5%*** | ***55%*** |
| Популарна (забавна) | Поп | 45% | 25% |
| | Џез | 5% | 2% |
| | Блуз | 3% | 2% |
| | Рок/Рок енд рол | 40% | 5% |
| | Електронска музика/техно | 2% | 9% |
| | ***Вкупна забавна музика*** | ***95%*** | ***43%*** |
| Класична | | | 1% |
| Духовна | | | 1% |
| | **Вкупна музика** | **100%** | **100%** |

## Економско работење на постојните радиостаници и потенцијал на пазарот

Вкупните приходи кои двете радиостаници ги оствариле заедно во 2023 година изнесувале 2,47 милиони денари. Гледано засебно, почнувајќи од 2021 година наваму, приходите на секоја радиостаница се зголемувале од година в година, но не станува збор за значајни износи.

**Движење на вкупните приходи во последните три години**




Најголем дел од приходите двете радиостаници ги остварувале од продажба на времето за рекламирање. РА Бум од реклами во 2021 година остварила 70% од вкупните приходи, во 2022 година 64% и во 2023 година 65%. Кај РА Јехона во 2021 година 56% од вкупните приходи биле остварени од реклами, а во следните две години речиси 100%. Заедничките приходи од реклами на двете радиостаници изнесувале 1,26 милиони денари во 2021 година, 1,44 милиони денари во 2022 година и 1,77 милиони денари во 2023 година.

**Финансиски резултат од работењето во последните три години (во илјади денари)**



Во 2022 година РА Бум прикажала загуба од работењето, а останатите две години остварувала добивка. РА Јехона секоја година работела со добивка, но незначителна. Добивката која РА Бум ја остварило во 2023 година била значително повисока од онаа на РА Јехона.

Куманово е општина со најмногу жители во Македонија - 98.104 лица[3]. Од нив, 56% се од македонска националност.

Според податоците на Државниот завод за статистика, бројот на активни деловни субјекти на ова подрачје во 2022 година (последни достапни податоци) изнесува 3.058[4] (повеќе активни деловни субјекти има само во Битола и Тетово).

**Споредбени податоци (број на радиостаници, огласувачи, публика и вкупни приходи)**

| | Број на радиостаници | Активни деловни субјекти | население | Вкупни приходи |
|---|---|---|---|---|
| Куманово | 2 | 3,058 | 98,104 | 2.47 |
| Тетово | 5 | 3,716 | 84,770 | 6.97 |
| Прилеп | 2 | 2,567 | 69,025 | 2.91 |
| Струмица | 2 | 2,285 | 49,995 | 3.88 |
| Кавадарци | 2 | 1,648 | 35,733 | 4.10 |

Очигледно е дека ваквиот потенцијал на овој пазар не е оптимално искористен - во четири локални подрачја биле остварени повисоки вкупни приходи и тоа, со исклучок на Тетово каде има повеќе потенцијални огласувачи отколку во Куманово, во останатите три (Прилеп, Струмица и Кавадарци) потенцијалот на пазарот и од аспект на публиката и од аспект на потенцијалните огласувачи (активните деловни субјекти) е помал отколку во Куманово.

[3] Податоците се достапни на веб страницата на Државниот завод за статистика, на следниот линк: https://www.stat.gov.mk/publikacii/2022/POPIS_DZS_web_MK.pdf

[4] Податоците се достапни на веб страницата на Државниот завод за статистика, на следниот линк: https://makstat.stat.gov.mk/PXWeb/pxweb/mk/MakStat/MakStat__DelovniSubj__AktDelovniSubjekti/400_Delovni_Reg_Ops_Golemina_Vraboteni_ml.px/table/tableViewLayout2/

## Заклучок

Куманово е општина со најмногу жители во Македонија, а истовремено економскиот потенцијал на оваа општина е значаен (повеќе активни деловни субјекти има само во Битола и Тетово). Дозвола да емитуваат радиопрограма во Куманово имаат само две радиостаници (од кои говорниот дел едната го емитува на македонски и српски јазик, а другата на албански јазик). Анализата на економските перформанси на овие две радиостаници покажува дека реалниот потенцијал на пазарот на оваа општина не е оптимално искористен. Оттука, со доделување на нова дозвола нема да се загрози квалитетот на постојната програмска понуда, туку тој ќе се збогати и публиката ќе добие нови содржини од локален карактер и информации за случувањата во рамките на општината.

Наодите од оваа Студија покажуваат дека **постои оправданост за објавување јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на локално ниво, на подрачјето на Општина Куманово, и тоа за програмски сервис говорно-музичко радио од општ формат во кое застапените видови програми остваруваат најмалку две од трите медиумски функции**, **на македонски јазик.**

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги
Директор,

д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ